ФАБРИКА ЗА ХИДРОИЗОЛАЦИСКИ МАТЕРИЈАЛИ

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 487 и член 490 од Законот за трговски друштва и член 81 од Статутот на Друштвото , Собранието на БИМ а.д. Свети Николе на седницата одржана на ден 29.05.2019 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**утврдување на датуми при исплата на дивиденда за 2018 год.**
**(дивиденден календар )**

Чл.1

Согласно одлуката за распоредување на нето добивка остварена по годишната сметка за 2018 година, на акционерите им се исплатува дивиденда за 2018 година во висина од 1.500,00 денари нето, односно 1.764,705 денари бруто, за една акција.

Дивидендата ќе биде исплатена во готово на трансакциските сметки на акционерите.

Чл.2

Последен ден на тргување со право на дивиденда е 17.06.2019 година,

Чл.3

Прв ден на тргување без право на дивиденда е 18.06.2019 година,

Чл.4

Датумот на евиденција според кој се определува листата на акционери кои имаат право да добијат дивиденда е 19.06.2019 година.

Чл.5

Исплатата на дивиденда за 2018 година ќе започне по 24.06.2019 година.

За исплата на дивидендата акционерите ќе бидат известени преку официјалната веб страна на Друштвото www.bim.com.mk.

Чл.6

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

Претседавач на Собрание на
акционери на БИМ а.д. Св.Николе